Република Македонија

**ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР**

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

Службен гласник на општината Демир Хисар, излегува по потреба. Цена: 50,оо мкд. Годишна претплата: 500,оо мкд
e - mail: opstinademirhisar@yahoo.com; www.demirhisar@gov.mk; тел/факс: (+389) 47 -552-661

**Бр. 18**

**11.12.2015**

Демир Хисар

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлука за измени и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Демир Хисар за 2015 година**

1.Ја објавувам Одлуката за измени и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Демир Хисар за 2015 година донесена на ИТНА седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 11.12.2015 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 1134/1 Општина Демир Хисар**
**11.12.2015 година Градоначалник**
**Демир Хисар *Љупчо Блажевски с.р.***

**397.** Врз основа на член 2, став 4, и член 80 и 80а од Законот за градење - пречистен текст (Сл.весник на РМ бр. 70/2013); член 1, став 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за градење (Сл. весник на РМ бр. 149/2014), член 22 став 1 точка 1 и член 36, став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/02) и член 15 и член 43 од Статутот на Општина Демир Хисар (Сл.гласник на Општина Демир Хисар бр. 3/2002год.), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 11.12.2015 год. донесе

**О Д Л У К А**

***За изменување и дополнување на ПРОГРАМАТА за поставување на урбана опрема на подрачјето на општина Демир Хисар за 2015год.***

**Член 1**

**Во воведниот дел, во четвртиот пасус и во точка 2 од Програмата – Видови на урбана опрема, по зборот „цвеќиња“ се додава зборот „храна“, и на крајот од реченицата и во четвртиот пасус и во точка 2 од Програмата се додаваат зборовите: „покриени и непокриени шанкови, пливачки објекти, паркинзи во функција на објекти на органите на државна управа и на објекти на општинита“.**

**Член 2**

**Во табеларниот преглед на населени места и предлог локации за поставување на урбана опрема, во точка 5, во делот предвиден за градот Демир Хисар, се додава локалитет „кај градскиот пазар“.**

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Демир Хисар.

**Бр.17- 1129/2 Совет на општина Демир Хисар**
**11.12.2015 година Претседател**
**Демир Хисар Јосиф Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлука за кофинансисрање на проект**

1.Ја објавувам Одлуката за кофинансирање на проект донесена на ИТНА седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 11.12.2015 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 1134/2 Општина Демир Хисар**
**11.12.2015 година Градоначалник**
**Демир Хисар *Љупчо Блажевски с.р.***

**398.** Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 91, став 3 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр. 03/02), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 11.12.2015 година, донесе

**ОДЛУКА**
за кофинансирање на проект
**“Подобрување на регионалната конкурентност преку осовременување на условите за продажба и купување на земјоделските производи од регионот“**

Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност на Општина Демир Хисар да учествува во кофинансирање на проектот **“Подобрување на регионалната конкурентност преку осовременување на условите за продажба и купување на земјоделските производи од регионот“** според Основен проект со техн. број 12/15 изработен од “АРКУС ПРОЕКТ“ ДОО, Прилеп.

Член 2

Општина Демир Хисар за реализација на проектот ќе кофинансира финансиски средства во максимален износ до 410.000,00 денари (со вклучен ДДВ од 18%), а средствата ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Демир Хисар за 2016 година од Програма ГА-Изградба на комерцијални објекти.

Член 3

Проектот преку Центарот за развој на Пелагониски плански регион се поднесува до Бирото за Регионален развој за користење на средства за финансирање на проекти за развој на планските региони од Програмата за Рамномерен регионален развој во 2016 година.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Демир Хисар“.

**Бр. 17-1129/3 Претседател на Совет**
**11.12.2015 година на Општина Демир Хисар**
**Демир Хисар Јосиф Ристевски с.р.**

-----------------------------------------------------

С О Д Р Ж И Н А

1. Одлука за измени и дополнување на програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на општина Демир Хисар за 2015 година---------1-2
2. Одлука за кофинансирање на проект-2

**Издава:**
**Општина Демир Хисар,ул.Битолска б.б.**
**тел.047/552-661**
**Градоначалник**
**Љупчо Блажевски**
**Компјутерска обработка:**
**Виолета Пајковска**